# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.135 од 03.10.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија " број 55/2007, 86/2008 и 139/2009), во членот 42 став (1) точката г) се менува и гласи:
„г) сите правни работи кои лично ги преземаат глуви лица кои не знаат да читаат или неми лица кои не знаат да пишуваат и".
По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
"(2) Одредбите од ставот (1) точка г) на овој член не се однесуваат на правните работи чија вредност не надминува 5.000 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на денот на плаќањето за преземеното дејствие."
Ставот (2) станува став (3) .

**Член 2**

Во членот 48 став (1 ) точка в) зборот „слеп" се брише.

**Член 3**

Во членот 91 став (1) по точката д) се додаваат две нови точки ѓ) и е), кои гласат:
"ѓ) уписник за примени предлози за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа;
е) именик за извршни предмети;".
Точките ѓ), е), ж) з) и ѕ) стануваат точки ж), з), ѕ), и) и ј).

**Член 4**

Во членот 106 ставот (1) се менува и гласи:
"Дисциплински орган на Комората е Дисциплинскиот совет составен од пет члена и нивни заменици со мандат од две години, без право на повторен избор. Два члена и нивни заменици ги избира Владата на Република Македонија на предлог на Комисијата за именување на Владата на Република Македонија, еден судија и негов заменик по предлог на Судскиот совет на Република Македонија и два члена и нивни заменици ги избира Собранието на Нотарската комора на Република Македонија."

**Член 5**

Во членот 126 воведната реченица се менува и гласи: "Дисциплинската мерка парична казна во висина од три до шест плати на претседател на основен суд со проширена надлежност или привремено одземање на правото на вршење на нотарската служба во траење од една до пет години ќе се изрече за:".
По алинејата 11 се додаваат седум нови алинеи 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18, кои гласат:
„- непридржување кон законските одредби од кои зависи важноста на нотарската исправа,
- вршење на некоја постојана или приватна служба за награда,
- вршење занимање што не е во согласност со угледот, честа и независноста на нотарот,

- преземање обврски на гаранција или одговорности во работи кои се склучуваат со негово учество во својство на нотар,
- застапување на политичко уверување во вршењето на нотарската служба,
- непреземање или делумно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети,
- предизвикување на материјална штета на странките".

Алинеите 12 и 13 стануваат алинеи 19 и 20.

**Член 6**

Во членот 127 став (1) по зборот „служба" зборовите: „или парична казна во висина од три до шест плати на претседател на основен суд со проширена надлежност" се бришат.

Алинеите 2, 5, 7, 10, 12, 13 и 15 се бришат.

**Член 7**

Во членот 137-а ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Нотарот има право на награда за работа и надоместок на трошоците во вршењето на службените дејствија во согласност со Нотарската тарифа која ја донесува министерот за правда по претходно прибавено мислење од Нотарската комора и согласност од Владата на Република Македонија."

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Нотарската комора е должна мислењето од ставот (1) на овој член да го достави до Министерството за правда, во рок од 15 дена од денот на приемот на Нотарската тарифа.

(3) Ако во рокот од ставот (2) на овој член Нотарската комора не достави мислење ќе се смета дека мислењето е позитивно."

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (4) и (5).

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".